# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЈУЛИ 2024

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЈУЛИ 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Говор на омраза по национална припадност | 45 |
| Говор на омраза поради етничка припадност | 28 |
| Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет | 10 |
| Говор на омраза поради религија и религиско уверување | 2 |
| Говор на омраза поради социјално потекло | 1 |
| Излагање на подбив на претставници на странски држави | 1 |
| Излагање на подбив на претставници на меѓународни организации | 1 |
| Говор на омраза поради политичка припадност | 1 |
| Говор на омраза врз основ на здравствена состојба | 1 |
| Говор на омраза поради пол и род | 1 |

***На платформата регистрирани се 65 оргинални случаи на говор на омраза - кај дел од случаите регистрирани се повеќе од една заштитна карактеристика.**

Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа
ЕУ со ТЕБЕ

Во текот на месец јули на веб платформата

**www.govornaomraza.mk**

**65** беа регистрирани вкупно случаи со елементи на говор на омраза, повикување на дискриминација и вознемирување по различни основи.

Овој месец беа забележани

**45 (49%)**

случаи на говор на омраза поради национална припадност,

**28 (31%)**

случаи врз основа на етничка припадност,

**10 (11%)**

случаи по основ на сексуална ориентација и родов идентитет.

На самиот почеток на месец јули забележан е говор на омраза на социјалните мрежи врз основа на етничка и национална припадност поради веста дека албански планинари на планината Кораб, на врвот Голем Кораб го замениле македонското со албанско знаме. Овој настан предизвика епизода на омраза видлива на социјални мрежи помеѓу двете најголеми етнички заедници.

Промоцијата на различните родови идентитети и родови изразувања при самата церемонија на отварањето на Олимписките игри во Париз, беше дочекана со навреди и омаловажувања врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. На социјалните мрежи беше забележан и говор на омраза како и вознемирувачки говор и повикување на насилство кон оваа заедница.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ